Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 15.09.2022

На 14.09.2022 во 21.30 часот на ул.„Козле" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.З.(21) и О.С.(25), двајцата од Скопје. В.З. бил баран со централна потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од 10 месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. О.С. бил баран со централна потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години и шест месеци за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, по наредба на Основното јавно обвинителство Куманово за истрага поради сомнение дека сторил кривично дело по член 237 од Кривичниот законик. При претрес на просториите кои заеднички ги користеле, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашката материја, марихуана и две дигитални ваги. Лицата биле спроведени во надлежните казнено-поправни установи за издржување на затворските казни, а по расчистување и документирање на останатите случаи против нив ќе бидат поднесени и соодветни кривични пријави.

На 14.09.2022 во 16.30 часот на наплатната станица Сопот, на автопатот „Пријателство" полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.Д.(38) од Велес. При извршен преглед на патничко возило „фиат пунто" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена околу еден килограм марихуана. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.09.2022 во 18.50 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Х.Б.(23) од охридското село Косел. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба во неговиот дом, полициските службеници пронашле и одзеле кокаин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 16.05 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Ф.(48) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, бил пронајден пиштол „Берета" калибар 7,65 мм и 48 куршуми. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 17.40 часот на паркинг простор во центарот на Скопје, полициски службеници од ЕВР Центар и ЕВР Карпош ги лишиле од слобода С.П.(34) и Д.А.(32), двајцата од Скопје. Тие биле затекнати при извршување тешка кражба во патничко возило „фолксваген голф". Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицата биле приведени во полициска станица. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 21.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(30) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.09.2022 во 00.15 часот во с.Идризово, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Б.(22) и Ш.Б.(30), двајцата од Скопје, затоа тоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 11.50 часот во с.Трубарево, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(32) од Куманово затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 21.35 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи-Одделение за криминалистички работи Центар го лишиле од слобода А.Ј.(22) од с.Буковиќ, скопско, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во периодот од 18.00 до 22.00 часот, полициски службеници од СВР Битола – Отсек за криминалистичка полиција спроведоа акциска контрола во спортски обложувалници и казина на подрачјето на Битола. Притоа, бил констатиран еден прекршок по член 20 од Законот за игри на среќа, односно во една обложувалница бил затекнат малолетник, кој бил предаден на родителите. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

Единицата за внатрешни работи - Одделение за криминалистички работи Кисела Вода расчисти кривично дело „тешка кражба" во обид во стан на ул.„Христо Татарчев" во Скопје сопственост на Ј.Д. од Скопје сторено на 15.05.2022. По преземени мерки и активности и по извршено вештачење, на 14.09.2022 било утврдено дека сторителот на делото е Н.Д.(35) од Скопје, кој е на издржување затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Идризово, а кој го сторил делото за време на викенд отсуство. Со него бил извршен службен разговор во затворот, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.09.2022 во 09.00 часот на автопатот Скопје-Гевгелија, кај наплатна станица Демир Капија, полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Михајлово го привеле М.С.(24) од Република Србија затоа што при извршена контрола било констатирано дека патничкото моторно возило „фиат стило" со швајцарска национална ознака го управувал со истечена возачка дозвола, без полномошно за управување на возилото и имал нерегулиран престој во државата. Лицето било задржано во Полициската станица Михајлово за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (14.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 134 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 11 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, една мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за нерегистрирани возила, три санкции за возач почетник, осум санкции за користење мобилен телефон, три мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на вчерашниот ден (14.09.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 30 возачи. Од нив 25 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 5 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 14.09.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 14 прекршоци, од кои 10 во населено место и 4 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 10.00 до 15.00 часот спроведена е акциска контрола на прекршоци сторени од пешаци. Притоа, биле изречени санкции за 25 прекршоци. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 2 за непрописно паркирање.

На 14.09.2022 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Охрид, спроведени се контроли за санкционирање на прекршоци што ги правата пешаците во сообраќајот. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 36 пешаци кои небезбедно и надвор од обележан пешачки премин преминувале коловоз (Охрид-15, Струга-08, Кичево-12, Дебар-01).

На 14.09.2022 во периодот од 10.00 до 15.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на однесувањето на пешаците како учесници во сообраќајот. При контролата биле откриени и законски санкционирани вкупно 38 пркршоци (ТЕ-14 и ГВ-24).

На 14.09.2022 во 21.10 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Македонски гемиции", ул.„Партизанска" и ул.„Никола Тесла" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „тојота" со британски регистарски ознаки, управувано од С.К.(34) од Битола и мопед „томос" со битолски регистарски ознаки, управуван од С.М.(54) од с.Буково, битолско. Во несреќата со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола, се здобил мотоциклистот. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 14.09.2022 во ОВР Прилеп било пријавено дека на регионалниот патот Прилеп – Македонски Брод, кај с.Мажучиште, патничко моторно возило „форд фокус" со прилепски регистарски ознаки, управувано од К.З.(55) од с.Ропотово, општина Долнени, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил К.З., констатирани во Градската болница Прилеп. Увид извршила екипа на ОВР Прилеп.

На 14.09.2022 во 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" во Скопје, мотоцикл „хамачи" со скопски регистарски ознаки, управуван од М.Г.(20) од Тетово, удрил во В.М.(21) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.М., а со телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.09.2022 во 20.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„АСНОМ" и ул.„Февруарски поход" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „рено" со кочански регистарски ознаки, управувано од Д.М.(38) од Штип и патничко моторно возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Н.(23) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ј.Н., а со телесни повреди се здобиле сопатничката И.И.(23) од Скопје од возилото „цитроен" и сопатничката И.М.(31) од Штип од возилото „рено", констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.09.2022 во 13.15 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Штип, патничко моторно возило „цитроен" со штипски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(36) од Штип, удрило во Д.М.(63) од с.Доброшани, штипско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Д.М. констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 14.09.2022 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Скопје-Куманово, во близина на наплатна рампа Миладиновци и надвозник од клучка „Окта", патничко моторно возило „шкода форман" со полски национални ознаки, управувано од М.С.Н.(39) од Полска, изгубило контрола и излетало надвор од коловозот. По несреќата совозачот М.М.Д.(47) од Полска бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" -Скопје каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен Обвинител, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.09.2022 во 18.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Г.С.(50) од Скопје пријавил дека на ул.„Перо Наков" бил каснат од куче скитник.

На 14.09.2022 во 07.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.С. пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода бил каснат од куче скитник.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет